Државната изборна комисија во состав: Јован Јосифовски - претседател, Субхи Јакупи - заменик на претседателот, Снежана Калеска Александар Новакоски, Александар Даштевски, Тања Алтанџиева и Иљаз Ибиши - членови, одлучувајќи по приговорот поднесен од подносителот на листата на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборна единица 2, преку овластениот преставник на Демократска партија на Албанците, број 10-1278/1 од 03.06.2008 година, за поништување на гласањето спроведено на ден 01.06.2008 година за избор за пратеници во Собранието на Република Македонија, на гласачките места број 1101, 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, на седницата одржана на ден 05.06.2008 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Демократската партија на Албанците за поништување на гласањето на гласачките места број 1101, 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.**

I

Приговорот за поништување на гласањето на гласачките места 1101 **СЕ УВАЖУВА**.

**СЕ ПОНИШТУВА** гласањето на гласачкото место 1101 во Општина Куманово, за Изборна единица број 2.

II

Приговорот за поништување на гласањето на гласачките места 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

## О б р а з л о ж е н и е

Подносителот на листата на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборна единица 2, преку овластениот претставник на Демократска партија на Албанците, до Државната изборна комисија поднесе приговор во постапката за гласање во смисла на член 148 и член 151 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија", бр.40/2006), со кој побара поништивање на гласањето на наведените гласачки места поради нарушување на тајноста на гласањето со гласање на едно лице за повеќе лица, се полнеле гласачките кутии од група луѓе во соработка со членови на избирачките одбори. Исто така бројот на гласачките ливчиња не се совпаѓа со бројот на гласачите запишани во избирачките списоци.

Државната изборна комисија откако го разгледа приговорот и прилозите кон истиот и останатиот изборен материјал најде

Приговорот делумно се уважува.

Неосновани се наводите во приговорот дека на гласачките места број 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, била нарушена тајноста на гласањето со гласање на едно лице за повеќе лица, се полнеле гласачките кутии од група луѓе во соработка со членови на избирачките одбори и бројот на гласачките ливчиња не се совпаѓа со бројот на гласачите запишан во изводите од Избирачките списоци.

Ова од причина што од увидот во записниците за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласачките места број 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, кои се уредно составени и потпишани, видно е дека овластениот претставник на Демократската партија на албанците не ставил забелешка согласно член 105 став 2 од Изборниот законик и истовремено не го искористиле ни правото од став 3 на овој член и членот 117 став 6, што би било основа за приговор.

Исто така, наводите во приговорот се општи, односно не се конкретизирани со податоци за секое избирачко место и не се поткрепени со докази.

Од овие причини Државната изборна комисија смета дека наводите во Приговорот по однос на неправилностите во постапката за гласање на гласачките места број 1102 и 1103 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, се неосновани, поради што во овој дел го одби приговорот како неоснован.

Основано во Приговорот се наведува дека за гласачкото место број 1101 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2, имало неправилности направени на денот на гласањето.

По разгледувањето на целокупниот изборен материјал Државната изборна комисија одлучи да го отвори изборниот материјал за гласачкото место број 1101 во Општина Куманово, за Изборната единица број 2.

Од увидот во изводот од Избирачкиот список очигледно е дека едно лице е потпишано за повеќе гласачи запишани во изводот од Избирачкиот список.

По извршениот увид во изборниот материјал и изводот од Избирачкиот список за Избирачкото место број 1101 констатирано е дека постојат идентични потписи за повеќе гласачи, односно дека едно лице е потпишано за повеќе гласачи запишани во изводот од Избирачкиот список со што е направена повреда на тајноста на гласањето. Исто така, констатирано е дека бројот на заокружените гласачи во Избирачкиот список не се совпаѓа со бројот на гласачките ливчиња уфрлени во гласачката кутија.

Поради наведените неправилности Државната изборна комисија најде дека

Приговорот во делот на избирачкото место број 1101 е основан и одлучи гласањето на наведеното гласачко место да го поништи.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Решено во Државната изборна комисија на ден 5 јуни 2008 година под бр.10-1162/2.

ПРАВНА ПОУКА: Против Решението на Државната изборна комисија во рок од 48 часа од приемот на Решението може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија преку Државната изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

БР. 10-1278/2
07.06.2008

**ПРЕТСЕДАТЕЛ:**
Јован Јосифовски

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ:**
Субхи Јакупи

08.06.2008
примил.
11³⁶

**ЧЛЕНОВИ:**

1. Снежана Калеска
2. Александар Новакоски
3. Александар Даштевски
4. Тања Алтанџиева
5. Иљаз Ибиши